**ЈП „Национални шуми“**
**Бр.02- 114/6**
**15.02.2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на СРМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 42/16, 99/18, 89/22 и 171/22), и член 27 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-п.о.-Скопје, Управниот одбор на седницата одржана на ден 15.02.2023 година, ја донесе следната, ја донесе следната,

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ План за управување со заштитен предел „Малешево“ за периодот од 2023-2032, кој го донесува Јавното Претпријатие Национални Шуми, Скопје, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи, засегнати од имплементација на планскиот документ План за управување со заштитен предел „Малешево“, за периодот од 2023-2032, се определуваат:

- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за економија;
- Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство;
- Министерство за труд и социјална политика;
- Министерство за локална самоуправа;
- Министерство за надворешни работи;
- Министерство за внатрешни работи;
- Министерство за образование и наука;
- Министерсво за здравство;
- Центар за управување со кризи;
- Дирекција за заштита и спасување;
- Центар за развој на источен плански регион;
- Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Источен плански регион;
- Регинaлениот центар за гранични работи-Исток при Министерството за внатрешни работи на Р. Северна Македонија;
- Агенција за електронски комуникации (АЕК);
- Агенција за храна и ветеринарство;
- Јавно претпријатие за државни патишта;
- ЈП за управување со пасишта;
- ЕВН Македонија;
- АД Електрани на Северна Македонија;
- Општина Берово;
- Општина Пехчево;
- ЈП Национални шуми, подружница шумско стопанство „Малешево“ од Берово;
- ЈП Национални шуми, подружница шумско стопанство „Равна Река“ од Пехчево;
- АД „Водостопанство на РСМ“, подружница Берово;
- АД „Водостопанство на РСМ“, подружница Пехчево;
- ЈКП „Комуналец“ Пехчево;

- ЈПКР „Услуга" Берово;
- Мобилни оператори;
- Бизнис секторот;
- Концесионери и корисници на земјиште во границите на подрачјето;
- Научни институции (Факултет за шумарски науки, Факултет за ветеринарна медицина, Природно-математички факултет);
- Ловните друштва;
- Центар за јавно здравје Берово и Пехчево;
- Противпожарни единици од вклучените општини;
- Месни заедници во границите на подрачјето;
- Невладини организациии здруженија на граѓани и др.

3. За планскиот документ План за управување со заштитен предел „Малешево" за периодот од 2023-2032, за чија изработка е одговорно Македонското еколошко друштво-МЕД, го одобрува Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата (МЖСПП), а го донесува Управниот одбор при ЈП Национални шуми Скопје, донесувањето на планскиот документ План за управување со заштитен предел „Малешево" за периодот од 2023-2032, ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанија врз биолошката разновидност и природното наследство, културно наследство, социоекономски развој и здравје на населението, влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијанија од бучава, влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух, управување со отпад и влијание од несреќи и хаварии итн.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страниците на: Јавно Претпријатие Национални Шуми, Скопје (http://www.mkdsumi.com.mk/), Министерството за животна средина и просторно планирање (http://www.moepp.gov.mk/), Источен Плански регион (https://eastregion.mk/), Општина Берово (https://berovo.gov.mk/), Општина Пехчево (https://pehcevo.gov.mk/).

Управен Одбор
Претседател,
Владимир Крстевски